Друштво за телекомуникации и услуги
НЕОТЕЛ ДОО извоз-увоз Скопје
Примено: 27-03-2017
Орг. Един.: 09 Број: 1446 Прилог: Вредност:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со член 8 став (1) точка 13 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015) и член 10 став (2) од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 16/2015), во постапка на одобрување на Стандарден претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот НЕОТЕЛ ДОО Скопје со адреса бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр. 15, Скопје, доставен со арх. бр. 09-1091 од 07.03.2017 година (Наш бр. УП1-бр.-1605-411 од 08.03.2017 година), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 16.03.2017 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

I

**СЕ ОДОБРУВА** Стандарден претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот НЕОТЕЛ ДОО Скопје со адреса бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр. 15, Скопје, доставен со арх. бр. 09-1091 од 07.03.2017 година (Наш бр. УП1-бр.-1605-411 од 08.03.2017 година).

II

Ова решение ќе се применува во рок од два дена од денот на приемот на истото.

III

Ова решение е конечно.

## О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со член 8 став (1) точка 13 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015) и член 10 став (2) од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 16/2015), операторот НЕОТЕЛ ДОО Скопје до Агенцијата за електронски комуникации со допис арх. бр. 09-1091 од 07.03.2017 година (Наш бр. УП1-бр.-1605-411 од 08.03.2017 година) достави на одобрување Стандарден претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот.

Во постапката на одобрување, Агенцијата за електронски комуникации констатираше дека доставениот Стандарден претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на операторот НЕОТЕЛ ДОО Скопје е во согласност со одредбите на Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015) и Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 16/2015).

Со оглед на ова, а во согласност со член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со член 8 став (1) точка 13 и член 107 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
УП1- број -1605-411
Скопје, 22.03.2017 година

Изработил: м-р Славица Настеска
Раководител на одделение: Славица Поповска
Раководител на сектор: Рената Аиновска Талевска
Советник: Горан Колевски

**Директор**
Сашо Димитријоски

Доставено до: архива,оператор